**20260300434**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБЕН РЕГИСТАР ЗА ЛИЦА ОСУДЕНИ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА ЗА СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА НА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА И ПЕДОФИЛИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 10 февруари 2026 година.

Бр. 08-1006/1
10 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБЕН РЕГИСТАР ЗА ЛИЦА ОСУДЕНИ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА ЗА СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА НА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА И ПЕДОФИЛИЈА

Член 1

Во Законот за посебен Регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија („Службен весник на Република Македонија“ број 11/12 и 112/14), во насловот зборовите: „малолетни лица“ се заменуваат со зборот „деца“.

Член 2

Членот 3 се менува и гласи:

„Регистарот содржи податоци за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела против половата слобода и половиот морал сторени против деца:

1) полов напад и силување (член 186 став 2 од Кривичниот законик);

2) полова злоупотреба на немоќно лице (член 187 став 2 од Кривичниот законик);

3) силување на дете кое не наполнило 15 години (член 188 од Кривичниот законик);

4) обљуба со злоупотреба на положбата (член 189 став 2 од Кривичниот законик);

5) задоволување на полови страсти пред друг (член 190 ставови 2 и 3 од Кривичниот законик);

6) полово вознемирување (190-а од Кривичниот законик);

7) прикажување на порнографски материјал на дете (член 193 од Кривичниот законик);

8) производство и дистрибуција на детска порнографија (член 193-а од Кривичниот законик);

9) намамување на обљуба или друго полово дејствие на дете кое не наполнило 14 години (член 193-б од Кривичниот законик);

10) родоскврнавење (член 194 став 2 од Кривичниот законик) и

11) трговија со дете (418-г од Кривичниот законик).“.

Член 3

Во член 5 во ставовите 1 и 2 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика преку“ се бришат.

Член 4

Во член 6-а во ставот 1 зборовите: „Управата за извршување на санкциите“ се заменуваат со зборовите: „Казнено-поправната установа“ и зборовите: „ЈУ Завод за социјални дејности“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за правда - Управата за извршување на санкциите“.

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Министерството за правда - Управата за извршување на санкциите е должна во рок од 15 работни дена од денот на доставувањето, копија од правосилната пресуда со која лицето е осудено за кривичното дело од членот 3 од овој закон, како и писменото известување од ставот 1 на овој член, да ги достави до ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје.

Органот надлежен за водење на Посебниот регистар е должен најмалку еднаш годишно да изврши проверка и усогласување на внесените податоци со податоците на Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда и за утврдените неусогласености веднаш да преземе мерки за нивно отстранување.“.

Член 5

Во член 6-б во ставот 2 зборовите: „и се менува на секои десет години“ се бришат.

Член 6

Во член 7 во ставот 2 зборовите: „Министерството за правда преку Управата за извршување на санкции е должно“ се заменуваат со зборовите: „Казнено-поправната установа е должна“.

Во ставот 4 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика, односно“ се бришат.

Член 7

Во членот 13 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

Член 8

Низ целиот текст на законот, зборовите: „малолетни лица“ се заменуваат со зборот „деца“, а зборовите: „малолетно лице“ се заменуваат со зборот „дете“.

Член 9

Во Посебниот регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија, се внесуваат податоци и за лица осудени со правосилна пресуда за кривичните дела наведени во членот 3 од Законот за Посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија („Службен весник на Република Македонија” број 11/12 и 112/14).

Член 10

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за Посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.